Уп. бр.08-24

Врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на друштвото Аисле Дач ТопКо Б.В. (Aisle Dutch TopCo B.V.) со седиште на Херикербергвег 238, Луна АренА (1101 ЦМ) (Herikerbergweg 238, Luna ArenA (1101 CM)) Амстердам, Холандија преку адвокат Татјана Поповски Булоски од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седница одржана на ден 26.03.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Аисле Дач ТопКо Б.В. (Aisle Dutch TopCo B.V.) со седиште на Херикербергвег 238, Луна АренА (1101 ЦМ) (Herikerbergweg 238, Luna ArenA (1101 CM)) Амстердам, Холандија ќе стекне контрола над **Агролагуна д.д.** (Agrolaguna d.d.) со седиште на Матије Влашица 34, Пореч, (Matije Vlašića 34, Poreč), Република Хрватска **не потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 5.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) на ден 19.02.2019 година, друштвото Аисле Дач ТопКо Б.В. (Aisle Dutch TopCo B.V.) со седиште на Херикербергвег 238, Луна АренА (1101 ЦМ) (Herikerbergweg 238, Luna ArenA (1101 CM)) Амстердам, Холандија, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), поднесе известување за концентрација (бр. 08-24) според кое друштвото Аисле Дач ТопКо Б.В. Холандија ќе стекне контрола над над Агролагуна д.д. (Agrolaguna d.d.) со седиште на Матије Влашица 34, Пореч, (Matije Vlašića 34, Poreč), Република Хрватска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истите го утврди следното:

Согласно член 12 од Законо,т концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

Правната основа на концентрацијата е Договорот за купопродажба на акции од 20 декември 2018 година, склучен помеѓу АГРАМ ИНВЕСТ Д.Д. (AGRAM INVEST D.D.), како Продавач, АИСЛЕ ДАЧ ТОПКО Б.В. (AISLE DUTCH TOPCO B.V.), како купувач, и XXX[1] во врска со купопродажбата на одредени акции во АГРОЛАГУНА Д.Д. (AGROLAGUNA D.D.) и ЖИТЊАК Д.Д. (ŽITNJAK D.D.)(во натамошниот текст: „Договорот за купопродажба на акции“).

XXX

Тековно, контролата над Агролагуна ја остваруваат Агрокор Групацијата и Аграм заедно.

Како што е наведено во член 4 од Договорот за купопродажба на акции, Предложената трансакцијата подлежи на исполнување на одредени претходни услови, вклучувајќи и настапување на Датумот на започнување на имплементацијата (односно, датумот кога, Новата Група ќе го стекне целото претпријатие и средства на Агрокор Групацијата). Согласно условите од планот за реорганизација на Агрокор, акционерското учество на Агрокор во Агролагуна во висина од 34,21% ќе се пренесе од Агрокор на Аисле ХолдКо д.д. на Датумот назапочнување на имплементацијата.

Оттука, по настапувањето на Датумот на започнување на имплементациајта и по имплементација на Предложената Трансакција, заедничката контрола на Агрокор Групацијата и Аграм ќе се смени во единствена контрола на Новата Група, а Новата Група ќе има 85,21% акционерско учество во Агролагуна XXX и единствена контрола над Агролагуна.

Во конкретниот случај со наведената транскација настанува концентрација во смисла на наведениот член 12 од Законот.

Дополнително, согласно член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот известување за концентрација до Комисијата се поднесува,

- Ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија и/или
- ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата.

Аисле ТопКо е новоосновано друштво со посебна намена, чија регистрирана дејност е финансиски холдинг.

Основано е во мај 2018 година за потребите на постапката за реорганизација на АГРОКОР концерн за управување со друштва, производство и трговија на земјоделски производи, акционерско друштво со регистрирано седиште на улица Маријана Чавича 1, Загреб, Република Хрватска (во натамошниот текст: „Агрокор“, а заедно со неговите зависни друштва: „Агрокор Групација“). Агрокор Групацијата во моментов се наоѓа во постапка на реорганизација и со неа тековно управува привремен управител (администратор).

Во согласност со планот за реорганизација за Агрокор Групацијата усвоен на 06.07.2018 година, што стана правосилен на 10.10.2018 година, Аисле ТопКо ќе биде владејачкото друштво на новоформиранта „Нова група“и истиот во моментот нема деловна активност и приходи, а согласно планот за реорганизација, на Датумот на започнување на имплементацијата (како што е дефиниран во планот за реорганизација на Агрокор), ќе се стекне со целото претпријатие и имот на Агрокор Групацијата.

Аисле ТопКо има еднostепен одбор кој се состои само од извршни директори. XXX

Со цел да се пренесат средствата од Агрокор Групацијата на Новата Група, беа основани нови компании. XXX

Според планот за реорганизација, се предвидува дека по Датумот на започнување на имплементацијата доверителите на Агрокор Групацијата ќе ги намират своите побарувања на начин што на Датумот на започнување на Имплементацијата Аисле СТАК ќе издаде сертификати за депозит за акциите што ги има во Аисле ТопКо, а Аисле ТопКо ќе издаде конвертибилни обврзници на доверителите кои ќе станат акционери и сопственици на Новата Група во замена за намирување на долгот.

XXX

Агролагуна е друштво чија деловна активност се одвива во неколку производни единици: винарство, одгледување маслинки и земјоделство на 1200 хектари обработливо земјиште во Истра, Хрватска.

Агролагуна д.д. нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија и не ги пласира своите производи на пазарот во Северна Македонија.

Во конкретниот случај имајќи ги во предвид податоците и документите доставени со известувањето Комисијата утврди дека ниту еден од учесниците во концентрацијата не е регистриран во Република Северна Македонија и заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Северна Македонија не го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, па оттука предметната концентрација не потпаѓа под одредбите на Законот.

Имено, при утврдувањето на фактот дали најмалку еден од учесниците во концентрацијата е регистриран во Република Северна Македонија и утврдување на вкупниот приход кој учесниците го имаат остварено со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија, Комисијата го зема во предвид само приходот кој го отварил подносителот на известувањето, односно Нова група и Агролагуна д.д., но не и приходот кој со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го остварила Агрокор групацијата. Комисијата утврди дека како ден кој се зема како релевантен за утврдување на фактот дали коцентрацијата потпаѓа под одредбите на Законот е 20 декември 2018 година кога е склучен Договорот за купопродажба на акции. Според известувањето на подносителот, до 20 декември 2018 година, истиот сеуште немал контрола на Агрокор, односно Агрокор групацијата.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**